Универзитет„Св.Кирил и Методиј"
ЈНУ Институт за национална историја

бр.04-436/4
дата: 31 .12. 2025

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019; 14/2020; 112/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024 и 210/2024) и член 46 од Статутот на ЈНУ Институт за национална историја-Скопје, директорот на ЈНУ Институт за национална историја-Скопје ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. По јавниот оглас број 923/2025 за вработување на јавни службеници во ЈНУ Институт за национална историја- Скопје, објавен на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат“, „ Нова македонија“ и „ Коха“, по предложената конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати со најголем број бодови по јавен оглас број 923/2025, за работното место- ОБН0102В02007, Виш соработник за магистерски и докторски студии и научноистражувачки проекти, Одделение за правни, општи и стручни работи, Сектор за стручни и административни работи, 1 извршител, се врши избор на следниот кандидат:

- Михаела Китановска, со идентификациски код 9CBCCCE.

2. Директорот на ЈНУ Институт за национална историја-Скопје во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе Решение за вработување на кандидатот од точка 1 на оваа одлука.

3. Одлуката да се достави до избраниот кандидат и до Агенцијата за администрација за нејзино објавување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат“, „ Нова македонија“ и „ Коха“ на 31.07.2025 година беше објавен јавен оглас за варботување на административен службеник во ЈНУ Институт за национална историја-Скопје на работно место ОБН0102В02007, Виш соработник за магистерски и докторски студии и научноистражувачки проекти, Одделение за правни, општи и стручни работи, Сектор за стручни и административни работи, 1 извршител.

На ден 18.08.2025 година, од страна на Агенцијата за администрација беше донесено Решение за ставање во мирување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници бр. 10-2082/3 од 18.08.2025 година, до ставено до ЈНУ Институт за национална историја- Скопје на 26.08.225 година, а со кое постапката беше ставена во мирување.

На ден 26.11.2025 година во ЈНУ Институт за национална историја доставено е решение за продолжување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници бр. 10-2082/5 од 19.11.2025 година со кое постапката по оглас 923/2025 продолжува.

За спроведување на постапката за селекција за вработување по наведениот оглас, со Решение бр. 10-2082/7 од 20.11.2025 година и Решение за изменување и дополнување на решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр. 10-2082/9 од 15.12.2025 година, донесено од страна на директорот на Агенцијата за администрација, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Комисијата на ден 02.12.2025 година спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник заведен под бр. 10-2082/8 од 02.12.2025 година, по што спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр. 10-2082/11 од 15.12.2025 година.

На ден 23.12.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под бр. 10-2082/12 од 23.12.2025 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата, на ден 30.12.2025 година година до ЈНУ Институт за национална историја-Скопје доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати бр. 10-2082/14 од 26.12.2025 година година.

Согласно со член 45 став 1 од Законот за административни службеници „Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (1), (3) или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор“.

Имајќи го во вид горенаведеното, директорот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор
проф. д-р Митко Панов

Доставено до:
-именуваниот;
- Агенцијата за администрација и
-архивата на ИНИ.